# Проектно портфолио

## Social day

ЗГ Младите можат

## За ЗГ Младите можат

Младите можат е здружение на граѓани формирано од млади за млади на 28 мај, 2009 година. Постоиме 14 години во кои бележиме  повеќе од 10 000 млади вклучени директно во проекти, програми, настани и активности и над 100 активни членови кои секојдневно придонесуваат во растењето и успехот на организацијата а со тоа и во правење на позитивни промени за нашата младина и нашата заедница.

### Цели во кои веруваме и ги застапуваме се:

- зголемување на свеста кај младите луѓе за активно граѓанство
- давање можности на младите луѓе за реализација на младински иницијативи и креативно изразување на нивните мислења и ставови
- иницирање на личен развој на младите луѓе преку младинска работа и неформално образование
- промоција на човекови права и слободи на младите луѓе

### Зошто постоиме?

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

### Во што веруваме?

Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

## За Social Day

Social day е ден кога младите луѓе заменуваат еден ден од својот образовен процес за работа која тие ја бираат, односно младите донираат дел од своето време и својата дневница за младински проекти. Концепт во нашата држава кој по четврти пат ќе овозможи општество во кое младите се лидери на сегашноста и иднината.

За секое работно место на кое младите волонтираат, партнерите на проектот уплаќаат дневница од минимум 1.000 денари по учесник, директно во младинскиот фонд на Social day. Целта на овој фонд е да финансира младински проекти кои придонесуваат кон задоволување на потребите на младите во нашата држава.

Фондот на Social day им дава можност на младите да ги идентификуваат проблемите кои се наоѓаат во нивната околина и потоа да ги решат преку младински иницијативи. На овој начин, младите активно и одговорно делуваат во својата заедница користејќи ја нивната способност да предизвикаат промени и самостојно да ги решат проблемите кои ги засегаат.

Проектот Social day го спроведуваат многу младински организации од Европа, поконкретно од Италија, Германија, Данска, Србија, Белгија, Норвешка, Црна Гора и др.

Секоја компанија/организација/институција која одлучи да се вклучи како партнер на проектот и овозможи млади да поминат еден работен ден во нивните канцеларии, истовремено инвестира во самата локална заедница, но и во младите кои еден ден ќе станат донесувачи на одлуки.




## Историски преглед на Social Day

Концептот Social day се појавува за прв пат во 1963 година во Шведска, кога група млади покренува иницијатива наречена "en tag för Dag". Овој ден е всушност меморијален ден во сеќавање на шведскиот Генерален секретар на Здружени народи Dag Hammarskjöld, кој погинал во авионска несреќа на пат за преговори за прекинување на војна во Конго.

Концептот многу брзо се проширува и во соседните држави, па така следната година, во 1964 се реализира првиот “Operasjon Dagsverk” во Норвешка, а потоа во 1985 година започнува со реализација и “Operation Dagsvaerk” во Данска. Белгиската организација YOUCA за прв пат го имплементира концептот во 2006 година а потоа година подоцна за прв пат се организира и во Италија.

Во Западен Балкан, концептот започнува да се шири прво во Србија во 2010 година преку Унија на средношколци на Србија, потоа во 2016 година во Босна и Херцеговина и 2017 година во Црна Гора.

Во нашата држава првиот Social day е реализиран во 2021 година од страна на ЗГ Младите можат.

## За SAME

Solidarity action day movement in Europe е мрежа која ги соединува сите европски организации кои го спроведуваат концептот на Social day.

Во летото 2011 година, неколку ентузијастини млади луѓе од 7 различни организации со иста цел, на заеднички состанок во Осло, Норвешка, одлучуваат да формираат мрежа на организации кои го спроведуваат Social day.

По овој состанок, мрежата се проширува и развива од неформална група млади до Европска младинска организација со канцеларии во Либек, Германија.

Мрежата моментално брои 12 членки организации.

## Визија

Како активни граѓани, младите делуваат солидарно со своите врсници и се залагаат за демократија, еднаквост, човечки права и меѓу културно разбирање.

## Мисија

CAME им овозможува на младите нивниот глас да биде слушнат. Веруваме во моќта на младите луѓе и ги охрабруваме да станат двигатели на позитивни промени во својата локална и глобална заедница

Повеќе информации за CAME и нивната работа, можете да прочитате на [следниот линк.]

## Social Day во Р.С. Македонија

Како организација целиме да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека можат самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството. Затоа, се одлучивме на чекорот да се кандидираме за членка на CAME и да го прошириме концептот на Social day во Р.С. Македонија.

Приказната за Social day во нашата држава започнува во 2019 година, кога ЗГ Младите можат станува кандидат членка на CAME. Веќе следната година започнуваме со подготовки за Social day 2020, но заради новонастаната ситуација со КОВИД и мерките, сме во неможност да го спроведеме проектот. Одлучни да не се откажеме од иницијативата и целта на Social day, во 2020 година креираме активистички мерч кој содржи дуксери со активистички пораки, тоте торби и беџови. Профитот од продажбата на овие производи започна да го полни младинскиот фонд на Social day. Следната година, во 2021, го имплементиравме Social day за првпат според вистинскиот концепт на кој 30 домашни компании и организации земаа учество и обезбедија позиции за над 80 средношколци кои обезбедија 95.000,00 денари во младинскиот фонд креиран преку соработка на младите и возрасните преку кој се спроведоа 3 младинските проекти.








## Поддржани проекти - Social Day 2021

### ПРОактив

Тимот позади проектот ПРОактив забележа значително опаѓање на мотивацијата кај младите. Младите во се помал број се ангажираат во активности надвор од училиштата, се чувствуваат „изгубено“ во однос на своите пасии и не се доволно запознаени со можностите кои ги имаат пред себе. Поради овие причини проектот имаше за цел да ги вклучи младите да се мотивирааат и да станат проактивни членови во академските кругови и вон школските активности. Покрај спроведување на истражувања за причините за овој проблем тимот реализираше настани и работилници за подигање на мотивацијата кај младите во области за кои тие самите се заинтересирани.





## Младинско катче

Тимот на проектот Младинско Катче иснпириран од недостатокот на простор за релаксација и неформална едукација во СОУ „Коста Сусинов“ одлучија проектот да го насочат токму кон создавање на ваков простор каде што учениците ќе можат да се информираат на теми за кои се заинтересирани, да се релаксираат и социјализираат. Нивната главна цел беше опремување на инклузивно катче за 100 ученици од СОУ „Коста Сусинов“ за лична и професионална надоградба.








## Академско Катче

Проектот Академско Катче е создаден со цел учениците во средните училишта да добијат кариерно насочување и подготовка за она што следува по средното училиште. Идејата беше поттикната од недоволно посветено внимание во училиштата на дадената тема. Тимот на проектот за оваа цел организирање настани и работилници за дополнителна едукација на заинтересираните ученици што ќе придонесат до нивен личен и кариерен развој и поголеми академски успеси.









## Social Day 2022

Во 2022 година по втор пат се реализираше Social Day каде учество земаа 90 средношколци кои беа дел од општествената промена и активистичко движење, а 30 општествено одговорни домашни компании и организации се приклучија во формирањето на младинскиот фонд преку обезбедување на работни позиции за младите. Со тоа тие креираа младински фонд од вкупно 175.500,00 денари преку кој беа поддржани 2 проекти, иницирани и водени од младите.

| Млади | Компании | Часа |
| --- | --- | --- |
| 90 | 30 | 720 |














## Поддржани проекти - Social Day 2022

### Хакатон

Пет тимови составени од млади луѓе од целата држава во рок од 48 часа имаа за задача да оформат решение со коешто ќе решат проблем од нивната заедница во рамки на хакатонот #РешиПроблем 2023 и истите ги презентираа пред стручна жири-комисија, составена од претставник на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ), организацијата АРНО и здружението „Младите можат“. Решенијата се однесуваа на подобрување и збогатување на културните содржини за младите во заедницата, младински катчиња, филтрација на воздухот во училиштата, заштита на личните податоци кај младите и подобро информирање на младите луѓе.
Од сите решенија наградени беа решенијата на тимовите „Млади распеани велешани“ и „Safe Gen“, што добија поддршка од по 60.000 денари за имплементација, но и менторска поддршка за целосниот проект да се реализира во наредните 60 денови.













## SafeGen

Проблемот кој тимот сакаше да го реши, а со кој секојдневно се соочуваат младите во Р.С.Македонија беше заштитата на приватноста на интернет и подигнување на свеста, едуцирање на младите и спречување на инциденти при користење на интернетот.

Како причини за настанување на проблемот ги утврдија недоволната едуцираност и заинтересираност на младите за опасностите поврзани со нивната приватност на интернет, како и незаинтересираноста на наставниот кадар во училиштата и неговата недоволна обученост за едуцирање на учениците за заштита на приватноста на интернет. За решавање на проблемот, а со цел адресирање на недостатокот и несоодветно знаење за заштитата на приватноста на интернет, тимот направи тркалезна маса за заштита на приватноста на младите на интернет на која учесниците имаа можност преку двочасовна дискусија да дознаат на кој начин можат да се заштитат, каде можат да пријават злоупотреба на лични податоци и како насилството што се случува на интернет може да влијае врз младите. Како дел од проектот тимот креираше и профил на социјалната мрежа Instragram за промовирање на кампањата.








## Распеани млади Велешани

Недоволниот развој на младите во областа на културата и музиката во Велес беше проблемот на кој овој тим сакаше да работи и да изнајде решенија за решавање на истиот. Како главни причини за негово настанување ги истакнаа недоволниот развој на музиката и културата во нивниот град, недостатокот на простор каде што младите можат да го изразуваат својот талент и недостатокот на мотивација и поддршка на младите да ја започнат својата творечка и уметничка приказна. За таа цел, тимот во Младинскиот центар Велес, формираше музичко и културно катче во кое младите имаат можност слободно да се изразуваат и да го искажуваат својот талент, каде што и по завршување на проектот, катчето продолжи со работа,а младите од Велес добија можност постојано да го посетуваат и да го посветуваат слободното време на она што го сакаат. Активностите кои тимот успешно ги спроведе беа набавка на инструмети за катчето, промоција по училишта, работилница за реставрација и концерт на кои присуствуваа 60 млади од Велес.












## Social Day 2023 година

На 8 ноември 2023 година, по трет пат се реализираше Social Day и тоа во три градови: Скопје, Битола и Охрид. Вкупен број од 195 млади земаа учество во 60 различни општествено одговорни компании и организации и стекнаа ново искуство и добија можност да истражуваат и да научат нови работи додека се општествено активни. Фондот обезбеден во 2023 година е вкупно 250.000.000 денари, со кој младите преку иницијативи ќе имаат можност да променат нешто во својата средина.




## Младински фонд на Social day

Фондот на Social day, претставува многу важен дел од проектот. Благодарение на овој фонд, младите имаат можност да добијат финансиска поддршка при решевање на идентификувани проблеми во локалните заедници.

Целосната сума која се генерира преку Social day се користи при имплементација на младинските проекти кои се креирани и спроведени од страна на младите.

Преку програмата за имплеметација на **Social Day** сакаме да видиме ангажирани заедници, соработка помеѓу државните институции, граѓанските организации и бизнис секторот, поддршка од родителите, врсниците, наставниците, младинските работници и кариерните работници кои креираат овозможувачки и поддржувачки средини за младите.

Веруваме во млади коишто размислуваат глобално, но делуваат локално, млади кои имаат развиено чувство за солидарност, млади кои го инвестираат своето време за подобрување на состојбите во својата заедница, млади кои веруваат во одржлив свет.

*Ве покануваме да ни се придружите и заедно да ја постигнеме нашата цел преку градење на заедници кои ги поддржуваат своите млади.*

Проектен координатор

Сања Матовска

sanja.matovska@youthcan.org.mk
info@youthcan.org.mk
+389 78 413 534